РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1903/1
04-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под бр. 12-2875/1 од 07.11.2024 година, поднесена против ----, судија во Основен суд ----, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски основ за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставaт до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2875/1 од 07.11.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 07.11.2024 година е поднесена пријава против ----, судија во Основен суд ----, по која е оформен предмет со бр. 12-2875/1 од 07.11.2024 година. Во пријавата подносителот бара од страна на Државната комисија да биде започната постапка за утврдување на одговорност на судијата, а по спроведување на постапката да се изрече соодветна казна за сторената повреда.

Подносителот во прилог на пријавата има доставено Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судијата поднесена пред Судски Совет на РСМ, како и кривична пријава против судијата поднесена до Основното јавно обвинитество ----.

Државната комисија по извршениот увид во поднесената пријава констатира дека друг орган е надлежен да постапува, поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имено, согласно со членот 36 став 1 од Законот за судскиот совет („Службен весник на РСМ" 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, да одлучува за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk